20242514426

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со членот 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“), („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 77/2021, 285/2021,60/2023, 154/2023 и 209/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 12 ноември 2024 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр. 42/2012, 176/2013, 47/2014, 7/2016, 122/2016, 14/2018, 129/2018, 160/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 188/2020), членот 9 се менува и гласи:

„Капитацијата за руралните населени места, односно подрачја се исплатува само за осигурените лица од руралното подрачје, односно населено место кои го избрале лекарот.

„Висината на капитацијата се пресметува во зависност од бројот на осигурените лица кои го избрале лекарот помножен со поени за секоја старосна категорија и тоа доколку:

- вкупниот број на поени од осигурени лица кои го избрале лекарот е помал од 100 поени се исплатува 1500 поени;
- вкупниот број на поени од осигурени лица кои го избрале лекарот е поголем од 100,01 до 300 поени се исплатува 1600 поени;
- вкупниот број на поени од осигурени лица кои го избрале лекарот е поголем од 300,01 до 350 поени се исплатува 1700 поени;
- вкупниот број на поени од осигурени лица кои го избрале лекарот е поголем од 350,01 до 700 поени се исплатува 1800 поени;
- вкупниот број на поени од осигурени лица кои го избрале лекарот е поголем од 700,01 се исплатува 2100 поени.

Доколку износот на вкупниот број на поени од осигурени лица кои го избрале лекарот во руралното подрачје е поголем од 2100 поени, во тој случај Фондот продолжува со исплата на капитацијата согласно член 6 од овој правилник“.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-24674/1
13 ноември 2024 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.